Бр./Nr. 12-547/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2957/1 од 18.11.2024 година, со наводи против Државната комисија за жалби по јавни набавки во врска со донесено Решение бр.------- од --.--.2024 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2957/1 од 18.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, без адресни податоци, на ден 18.11.2024 година е поднесена пријава со наводи против Државната комисијата за жалби по јавни набавки во врска со донесено Решение бр.----- од --.--.2024 година и оформен е предмет број 12-2957/1 од 18.11.2024 година.
Во пријавата се наведува дека Државната комисија за жалби по јавни набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „---------“ АД Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 25.10.2024 година, донесена по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.----/2024 за набавка на услуги – --------, хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно занатски работи за новиот објект на НУ -------, на договорниот орган НУ -------, истата ја одбила како неоснована.
Исто така, се наведува дека образложението на наведеното решение, било крајно сомнително и неиздржано, односно одговорот на Државната комисијата за жалби по јавни

набавки содржел пропусти, од причина што тендерската документација која била објавена од посочениот договорен орган била невалидна и содржела битни повреди на Законот за јавни набавки.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно законските надлежности. Видно од пријавата и доставените прилози подносителот на пријавата изразува незадоволство од следната констатација на Државната комисија за жалби по јавни набавки: *„Државната комисија го смета за неоснован жалбените наводи кој се однесува на Ценовникот за инженерски услуги односно висината на минималниот надоместок на услугите на овластените архитекти и овластените инженери во областа на високоградба која се изразува на проценти (За В3-II КУЛТУРА - II Група), поточно дека не била наведен по кој Ценовник да бидат изготвени понудите. Со увид во тендерската документација, Државната комисија утврди дека договорниот орган во точка 1.5 од тендерската документација во Применливи прописи јасно навел и се повикал на Ценовникот за инженерски услуги односно висината на минималниот надоместок на услугите на овластените архитекти и овластените инженери во областа на високоградба која се изразува на проценти (За В3-II КУЛТУРА - II Група) истото е донесено од страна на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија. Оттука е неспорно дека понудите на учесниците во постапката треба да бидат изготвени согласно важечкиот Ценовник, односно евалуацијата се врши согласно последната измена или дополнување на конкретниот Ценовник"*.

Дополнително подносителот на пријавата изразува незадоволство од образложението на Државната комисија за жалби по јавни набавки во однос на критериумите за утврдување на техничка и професионална способност: *„Останатите жалбени наводи, како и жалбениот навод кој се однесува на условот од точка 5.5.1 Техничка и професионална способност, каде се бара „Економскиот оператор да има реализирано минимум 3 (три) договори за извршен стручно-технички надзор над изведба на градежни и градежно-занаетчиски работи на градежен објект склучен во последните 5 (пет) години со вредност на објектот не помала 150.000.000,00 денари без ДДВ, со 8/10 обезбедување на потврда за навремено и квалитетно извршен договор од страна на крајните корисници" не бил согласно Законот за јавните набавки, односно не биле јасно и прецизно наведени кои последни 5 (пет) години, според Државната комисија се задоцнети во оваа фаза од постапката. "*

Видно од јавно достапната документација за предметната постапка за јавна набавка на Електронскиот систем за јавни набавки, ДКСК оцени дека во конкретниот случај и договорниот орган при спроведување на постапката, како и Државната комисија за жалби по јавни набавки при одлучување по жалбата се повикале и постапувале согласно

Ценовникот за инженерски услуги односно висината на минималниот надоместок на услугите на овластените архитекти и овластените инженери во областа на високоградба која се изразува на проценти (За В3-II КУЛТУРА - II Група) кој е донесен од страна на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија и се применувал во моментот на одлучувањето. Во однос на наводите за критериумите за техничка и професионална способност согласно член 95 став 8 алинеја б) од Законот за јавните набавки, во постапките за јавни набавки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже со листа на работи извршени во последните пет години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската документација.

Согласно член 130 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/2021) Државната комисија за жалби по јавни набавки е надлежна за решавање по жалби во постапките за јавни набавки пропишани со овој закон. Додека, согласно член 170 став 1 од истиот Закон, против одлуката на Државната комисија не е дозволена жалба, но против истата може да се покрене управен спор пред Управниот суд.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК